Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на ден од дневните настани 12.10.2024

На 11.10.2024, Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи – Единица за недозволена трговија со оружје, опасни материи и радиоактивен материјал во заедничка координирана акција со Специјалната антитерористичка единица Тигар и СВР Куманово ги лишија од слобода Н.А.(34) и А.М. (37), двајата од с.Никуштак, општина Липково. При претрес во нивните домови и други простории, извршени со судска наредба, биле пронајдени и одземени два пиштоли „Цвена Заставa" со 28 куршуми калибар 7,62 мм, еден автоматски пиштол „Шкорпион", едно пакување со марихуана и едно патничко возило „мерцедес" без регистарски ознаки. Лицата биле приведени во полициска станица и против нив е поднесена соодветна кривична пријава по член 396 став 2 од Кривичниот законик, а од судија на претходна постапка на А.М. му е одредена мерка притвор, додека на Н.А. му е одредена мерка претпазливост.

На 11.10.2024 во Штип, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија при СВР Штип го лишиле од слобода М.Ж.(41) од Штип. При претрес во неговиот дом и помошни простории на две локации во Штип, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, бела грутеста материја, дигитална вага со остатоци од бела прашкаста материја, различни видови таблети, предмети со остатоци од бела прашкаста материја и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривичното дело. Додека, при претрес во неговото возило „митроен" биле пронајдени и одземени бела грутеста материја. Лицето беше задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.10.2024 во 16.40 часот во населба Дреновец во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го приведе В.Н.(28) од Порој, тетовско. Тој беше баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна во траење од една година за сторено кривично дело „тешка кражба" казниво по член 236 од Кривичниот законик. Тој бил пронајден во Казино – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 11/12.10.2024 во периодот од 22.00 часот до 02.00 часот во централното градско подрачје на Ресен, полициски службеници од ОВР Ресен спроведоа акциска контрола во угостителски објекти за присуство на малолетници после 24.00 часот и точење и продавање на алкохол на малолетници. Контролата беше спроведена во три угостителски објекти и три казина, при што било констатирано точење алкохол на малолетници, а извршена е проверка на идентитет на 11 лица и преглед на пет лица. Притоа, во угостителски објект на градскиот плоштад во Ресен беа затекнати двајца малолетници под дејство на алкохол. Малолетниците се предадени на родителите и по документирање на настанот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 11.10.2024 во 10.30 часот во с.Врапчиште, гостиварско, полициски службеници од Полициското одделение Галате го привеле Ѕ.Е.(64) од Врапчиште, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна,. Тој бил пронајден во Казино – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 11.10.2024 во 15.40 часот во с.Градец, гостиварско, полициски службеници од Полициското одделение Галате го привеле М.А.(47) од с.Градец, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна. Тој бил пронајден во Казино – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 11.10.2024 во 07.55 часот на Граничен премин Табановце, на излез од државата, полициски службеници го лишиле од слобода Ш.Д.(41) од Кочани затоа што кај него биле пронајдени и одземени повеќе различни видови таблети за кои не поседувал документација. Лицето и таблетите биле предадени на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 12.10.2024 во 01.15 часот на улица „Илинденска" во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар го привеле Ј.А.(20) од с.Врапчиште, гостиварско, затоа што кај него биле пронајдени гасен пиштол и електро шок. Тој е задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 80 од Закон за оружје.

На 10.10.2024 во 13.59 часот во СВР Штип, Б.С.(31) од с.Спанчево привајал дека при вршење ископ на плац во село Спанчево пронашол граната која потекнувала од Прва светска војна. Граната била подигната од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување.

На 12.10.2024 околу 01.50 часот во СВР Куманово било приведено дека на автопатот Куманово – Скопје, во С.Агино Село, кумановско, патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Г.(34) од Скопје, излетало надвор од коловозот. Во несреќата, М.Ѓ. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во приватна болница во Скопје. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Куманово.

На 11.10.2024 околу 06.50 часот во ВОР Кочани било приведено дека на експресниот пат Штип – Кочани, втор на Кочани, се случила сообраќајна несреќа помеѓу „ауди авеко" со пробиштенски регистарски ознаки, управувано од О.М.(49) од Штип и возило конбе „фолксваген" со штипски регистарски ознаки, управувано од З.С.(57) од Штип. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобиле Л.П.(63) и Д.П.(40), двајцата од Штип, поратешни во моментот. Во несреќата се телесни повреди се здобиле возачот З.С. и сопатникот од неговото возило З.П.(62), Т.П.(30), Ј.С.(53) и малолетник, сите од Штип, констатирани во Клиничка болница Штип. Увид на местото извршила екипа од СВР Кочани.

На 11.10.2024 околу 16.50 часот во ВОР Прилеп било приведено дека на ул.„Ѓорде Чопела" во Прилеп, мотоцикл „хонда" со прилепски регистарски ознаки, управуван од З.Г.(25) од с.Долени, прилепско, удрил во заден дел на патничко возило „фолксваген пасат" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.С.(40) од Скопје. Во несреќата, со тешки телесни повреди се здобила Б.Д.(33) од с.Чепигово, сопатничка на мотоциклот, а возачот на мотоциклот З.Ѓ. се здобил со телесни повреди, констатирани во Градска болница Прилеп. Увид на местото на несреќата извршила увидна екипа на ОВР Прилеп.

На 11.10.2024 во 23.00 часот во Полициската станица Радовиш било приведено дека на булевар „Александар Македонски" во Радовиш, патничко возило „фолксваген пасат" со радовишки регистарски ознаки, управувано од Г.Ѓ.(37) од Радовиш, удрило во малолетен пешак, по што го напуштило местото. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетничката, констатирани во Медицински центар Штип. По преземени мерки и активности, возачот бил пронајден на 12.10.2024 и со него бил извршен службен разговор. Увид бил извршен од екипа на Полициската станица Радовиш, за настанот бил запознаен јавен обвинителот со Основното јавно обвинителство Радовиш и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.10.2024 околу 01.00 часот, полициски службеници од Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор Стар Дојран го лишиле од слобода А.С.(36) од Радовиш поради сомнение за сторено кривично дело „криумарење мигранти" по член 418 – 6 од Кривичниот законик. Имено, претходно, по преземени мерки и добиени оперативни сознанија, на крстосница Богданци полициски службеници извршиле контрола во патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал А.С., при што бил пронајден ранец и траги од превоз на други лица. Набрзо, по преземени мерки, помеѓу селата Стојаково и Богородица биле пронајдени осум лица мигранти од Непал, кои изјавиле дека биле превезувани во возилото и дека заборавиле ранец. Лицето било задржано во полициска станица, за настанот бил запознаен јавен обвинителот и по целосно документирање против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.С.(47) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет нарконитични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 21.06.2024 во Куманово, полициски службеници извршиле претрес во домот и други простории на пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин и дигитална вага.

На 11.10.2024 во 20.45 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Д.(23) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.10.2024 во 14.00 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Ц.(18) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.10.2024 во 13.55 часот во Скопје, во Градски парк на подрачје на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Б.(49) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени марихуана и дробилка. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.10.2024 во 12.25 часот во Скопје, на подрачјето на Горче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Л.(29) од Прилеп затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.10.2024 во 22.50 часот во Скопје, на подрачје на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода У.М.(40) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 12.10.2024 во 00.40 часот во Скопје, на подрачје на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.10.2024 во 23.35 часот во Скопје, на подрачје на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.Ј.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Л.Л. и М.А., двајцата од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на нарконитични дроги психотропни супстанци и прекурзори". На 04.09.2024 на патарината Сопот, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило во кое биле пронајдените, при што бил пронајден и одземен хероин.

На 10.10.2024 во атар на с.Двориште, беровско, Т.Т.(38), извршувајќи земјоделски работи на сопственост имот, пронашол неексплодирана рачна бомба, која ја земал со себе и ја донесол во патничко возило „фолксваген голф". На 11.10.2024, полициски службеници од ОВР Берово излегле на местото и ја пронашле рачната бомба во возилото. За настанот бил известен јавен обвинител и Дирекцијата за штита и спасување кои ја подигнале за понатамошна постапка.

На 12.10.2024 во 02.42 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Цветан Димов" во Скопје било опожарено патничко возило „опел мерива" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Н.Н. од Скопје. Од пожарот биле зафатени и дел други возила, „опел " со скопски регистарски ознаки, сопственост на Е.Р. од Скопје и возило „тојота" со скопски регистарски ознаки, сопственост на приватна фирма од Скопје.Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за против пожарна Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 12.10.2024 во 00.30 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги привеле А.Н.(34) и Ѕ..Б.(27), двајцата од Скопје, затоа што го нарушиле јавниот ред и мир и агресивно се однесувале кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија.

На 11.10.2024 во 12.40 часот во ОВР Струга, О.Б.(21) од с.Мороишта, струшко, пријавил дека околу 10.00 часот во с.Калишта, струшко, поради недозабирање во сообраќајот, бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.10.2024 во 16.50 часот во ОВР Струга, Д.Ј.(21) од Струга пријавил дека околу 12.30 часот на кружниот тек наспрати Мороишки мост бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.10.2024 во 21.00 часот во ОВР Струга, Е.С.(36) од Скопје пријавила дека околу 20.00 часот во населба Езерски лозја била физички нападната од С.П. од Вевчани. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.10.2024 во 23.40 часот во СВР Скопје, А.Г.(46) од Скопје пријавил дека околу 23.15 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар, тој и А.М.(33) од Скопје биле физички нападнати од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.10.2024 во 21.40 часот во СВр Скопје било пријавено дека подрачјето на Центар бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Ј.(24) од Скопје и П.Н. (22) од Кочани, од една страна и А.С.(20) од Скопје, од друга страна. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветна пријава.

На 11.10.2024 околу 11.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во својот дом на подрачјето на Центар било пронајден починат Б.Ц.(75) од Скопје. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство, а по нарадба на јавен обвинител, телото на починатиот било дадено на одбукција.

На 11.10.2024 во 12.34 часот во СВР Скопје, 29 – годишна жена од Скопје пријавила дека од јули 2024 до пријавувањето, нејзиниот поранешен мажен Б.Д. често ја следело, вознемирувало, и се јавувало телефонски и ја упатувало закани и во неколку наврати наврати физички ја нападнал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.10.2024 во 00.30 часот во Полициската станица Велес, С.А.(41) од Велес пријавила дека на улица „Благој Ѓорев" во Велес била касната од куче скитник.

На 11.10.2024 во 21.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, С.З.(25) од Скопје пријавила дека на место викано „Сончев град" во Сопиште била касната од куче скитник.

На 11.10.2024 во 15.00 часот во Полициската станица Карпош, А.М.(21) од Скопје пријавил дека на ул.„Кленоец" во Скопје бил каснат од куче скитник.